Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2771/1 од 15.10.2025 година, оформен по пријава против кандидатот за градоначаникот на --------- -----------, ------- -------------------, со наводи за сомневања за незаконитости во изборниот процес и во изборната кампања за Локалните избори, 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**, поради тоа што не е утврдено постапување во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2771/1 од 15.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 15.10.2025 година е поднесена пријава со наводи за сомневања за незаконитости во изборниот процес и во изборната кампања за Локалните избори 2025 година, по која е оформен предмет со број 12-2771/1 од 15.10.2025 година. Во пријавата која се однесува за кандидатот за градоначаникот на ------ ------------, ----------- ----------------, се изнесени сомнежи за корупција поради тоа што на одредена група на граѓани им нудел по 2.500 денари во готово, доколку на изборите гласаат за него. Со пријавата не се доставени прилози, а истата содржи линк од јавна објава на кандидатот за градоначалник на неговиот Фејсбук профил, која е преземена од електронски медиум.

Државната комисија по разгледувањето на предметната пријава констатира дека е поднесена поради објава на пријавеното лице од 14.10.2025 година на неговиот Фејсбук профил, во која лицето во својство на кандидат за Градоначалник на --------- ----------- за Локалните избори 2025

година ја презентира својата изборна програма, со која се предвидува финансиска поддршка од страна на градот за пензионерите со најниски примања, како и за лицата со попреченост и за социјално загрозени семејства.

Државната комисија оцени дека активностите на кандидатот за градоначалник за време на изборната кампања не се во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, како и дека не се во спротивност со Кодексот за фер и демократски избори наменет за кандидатите на Локалните избори 2025 година. Наведените активности се во рамки на јавното претставување на потврдениот кандидат и неговата изборна програма во предизборниот период за локалните избори.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц Раководител на одделение
Согласен И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК